„Нема ништо потешко на вагата на Судниот ден од добриот карактер, а Аллах навистина ги презира нечестивиот и бесрамникот.“

Ебу Дерда, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Нема ништо потешко на вагата на Судниот ден од добриот карактер, а Аллах навистина ги презира нечестивиот и бесрамникот.“

[رواه أبو داود والترمذي] [صحيح]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, нè информира дека најтешкото дело на вагата на добрите дела на Судниот ден е добриот морал, како што е озареното лице, да не им нанесуваме штета на другите туку, напротив, да се однесуваме со добрина. Аллах Возвишениот ги мрази грдите зборови и дела, бесрамноста која ја изразува јазикот.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/5371